Врз основа на член 353, член 358 и член 384 од Законот за трговските друштва, член 36 и член 83 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, без одржување на седница ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## За свикување на годишно собрание

**I**

**СЕ СВИКУВА** Годишно собрание на акционери на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, кое ќе се одржи на ден 27.06.2019 година во просториите на друштвото со почеток во 12.00 часот со следниот дневен ред:

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на записничар и бројач на гласови;
3. Разгледување и усвојување на поединечни и консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи и годишниот извештај за работа за 2018 година на Друштвото;
4. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори;
5. Донесување одлука за покривање на загубата;
6. Донесување одлука за избор на Овластена ревизорска куќа за вршење ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година;
7. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни;
8. Донесување на одлука за промена на лични податоци на Извршниот член на Одборот на директори
9. Донесување на одлука за измена на Статутот на Друштвото;
10. Друго

**II**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Одделението за човечки ресурси да објави јавен повик за свикување на Годишно собрание на половина страница на еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија, најдоцна 30 ден пред одржување на собранието, како и на насловната страница од својата официјална интернет страница и на интернет страницата на Македонска Берза.

**III**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број ___ – ____ 2019**
**20.05.2019 година**
**С к о п ј е**

**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**Претседател,**
**на Одборот на директорите**
**Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти**
**(**Mr. Michael Edward Fetcko III)

Врз основа на член 353, 358 и 383 од Законот за трговските друштва, член 35 и член 36 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, без одржување на седница ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

За усвојување на поединечните и консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за 2018 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВААТ поединечните и консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за 2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број ___ – ____ 2019
20.05.2019 година
С к о п ј е

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetcko III)

___________________________

Врз основа на член 353, 358 и 383 од Законот за трговските друштва, член 35 и член 36 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, без одржување на седница ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## За одобрување на работата на членовите на органот на управување

**I**

**СЕ ОДОБРУВА** работата на членовите на органот на управување на Друштвото - Одборот на Директори на Акционерското друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје за претходната 2018 година.

**II**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број ___ – ____ 2019
20.05.2019 година
С к о п ј е

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetcko III)

___________________________

Врз основа на член 353, 358 и 383 од Законот за трговските друштва, член 35 и 36 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, без одржување на седница ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## За покривање на загубата

**I**

**СЕ ОДОБРУВА** искажаната загубата во работењето на друштвото **ВАБТЕК МЗТ АД Скопје** во 2018 година во износ од **66.452.605,00 денари** да се покрие од идното работење на Друштвото.

**II**

Оваа одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Број ___ – ____ 2019
20.05. 2019 година
С к о п ј е

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetcko III)

___________________________

Врз основа на член 353, 358 и 383 од Законот за трговските друштва, член 35 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, без одржување на седница ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## За назначување на овластена ревизорска куќа за ревизија на годшната сметка и финансиските извештаи за 2019 година

**I**

**СЕ ОВЛАСТУВА** г-дин Селим Шимбил, извршен член на одборот на директори-Генерален Директор на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје да склучи Договор за назначување на овластена ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година.

**II**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број ___ – ____ 2019
20.05.2019 година
С к о п ј е

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetcko III)

___________________________

Врз основа на член 353, 358 и 383 од Законот за трговските друштва, член 35 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, без одржување на седница ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## За промена на личните податоци на Извршниот член на Одбор на директори

**I**

**СЕ ОДОБРУВА** промена на личните податоци на Извршниот член на Одборот на директор заради промена на пасошот па во иднина истиот ќе се јавува со следните податоци:

СЕЛИМ ШИМБИЛ
Број на пасош: У20427042
Адреса: АЈДИНЛИ МАХ. ДУМАНКАЈА ГИЗЛИБАХАЧЕ СИТЕСИ БОТАНИК Ц5 блок ДАИРЕ 8 ТУЗЛА – ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА

**II**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број ___ – ____ 2019
20.05.2019 година
С к о п ј е

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetcko III)

___________________________

Врз основа на член 116 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД - Скопје и член 358, 457, 460 и 460-а од Законот за трговски друштва, членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво "ВАБТЕК МЗТ" АД – Скопје по пат на одлучување без одржување на состанок ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## За одобрување на зделка со заинтересирана страна

**Член 1**

По пат на ова одлука се врши одобрување на следните зделки со заинтересирани страни за периодот од 01.07.2019 година до 31.12.2019 година, каде ВАБТЕК МЗТ АД Скопје се јавува како Продавач а подолунаведениоте страни како Купувачи:

I. **Poli Costruzione Materiali Trazione S.R.L.** со седиште на ул. Via Fontaella 11, 26010 Camisano, Italy како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 20.571.388,38 денари | Пазарни |

**Вкупно: 20.571.388,38 денари** .

Износот од 20.571.388,38 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поединечно е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

II. **Wabtec FT TURKEY** како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 15.533.955.36 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 15.533.955.36 **денари**

Износот од 15.533.955.36 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

III. **FREIGHT CAR PRODUCTS** како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 14.182.292.93 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 14.182.292.93 **денари**

Износот од 14.182.292.93 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

IV. **Wabtec UK (WRL)**, како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 893.595,00 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 893.595,00 **денари**

Износот од 893.595,00 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

V. **WABTEC PASSENGER TRANSIT**, како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 14.303.302,50 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 14.303.302,50 **денари**

Износот од 14.303.302,50 денари денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

**VI. Wabtec South Africa** со седиште на 12 VUURSLAG SRATRAN EXTENSION KEPTO, JOHANNESBURG 1613, како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 10.106.939,52 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 10.106.939,52 **денари**

Износот од 10.106.939,52 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

**VII. Faiveley Transport France** со седиште на MIENS SAS e Espace Industriel Nord, Amiens Cedex 80046 FR, како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 13.459.158,77 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 13.459.158,77 **денари**

Износот од 13.459.158,77 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

**VIII. Brush Traction** со седиште на PO Box 17, Loughborough Leicestershire, GB, LE11 1HS, како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 2.605.044,68 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 2.605.044,68 **денари**

Износот од 2.605.044,68 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**IX.** Faiveley Transport Russia со седиште на LENINGRADSKAYA STREET 1, KHIMKI CITY, MOSCOW REGION, 141402, RU како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 2.053.456,71 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 2.053.456,71 **денари**

Износот од 2.053.456,71 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**X. Wabtec Mexico** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 14.182.292,93 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 14.182.292,93 **денари**

Износот од 14.182.292,93 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XI. Wabtec Australia** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 294.831,00 денари | Пазарни |

**Вкупно:** 294.831,00 **денари**

Износот од 294.831,00 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XII. Beijing WABTEC Huaxuia Technology China** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 10.734.025,50 денари | Пазарни |
| **Вкупно:** | 10.734.025,50 **денари** | |

Износот од 10.734.025,50 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XIII. Beijing WABTEC** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 436.527,00 денари | Пазарни |
| **Вкупно:** | **436.527,00 денари** | |

Износот од 436.527,00 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XIV. Faiveley Transport CZECH** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 9.646.644,00 денари | Пазарни |
| **Вкупно:** | 9.646.644,00 **денари** | |

Износот од 9.646.644,00 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XV. Faiveley Transport Witten Germany** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 92.250,00 денари | Пазарни |
| **Вкупно:** | 92.250,00 **денари** | |

Износот од 92.250,00 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XVI. Faiveley Transport India** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 13.379.609,13 денари | Пазарни |
| **Вкупно:** | 13.379.609,13 **денари** | |

Износот од 13.379.609,13 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XVII. GE India** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 14.764.615,90 денари | Пазарни |
| **Вкупно:** | 14.764.615,90 **денари** | |

Износот од 14.764.615,90 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XVIII. GE Egypt** како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 38.876.625,81 денари | Пазарни |
| **Вкупно:** | 38.876.625,81 **денари** | |

Износот од 38.876.625,81 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

## Член 2

Членовите на одборот на Директори на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје ги **ОДОБРУВААТ** зделките под услов истите да бидат одобрени со мнозинство гласови на акционерите кои немаат интерес во зделката на годишното собрание на акционери на "ВАБТЕК МЗТ" АД – Скопје закажано за 27.06.2019 година.

## Член 3

**СЕ ОВЛАСТУВА** Генералниот Директор на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје врз основа на оваа одлука да ги спроведува и да изврши реализација на истите.

## Член 4

Со донесување на оваа одлука Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Друштвото.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Број ___ – ____ 2019
20.05.2019 година
С к о п ј е

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetcko III)

____________________________

Врз основа на член 353, член 358 и член 384 од Законот за трговските друштва, член 35 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, без одржување на седница ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
*За промена на Статутот на друштвото*

**Член 1**
Поради потреба од усогласување на статутот со важечите законски прописи и промената на уставното име на државата се врши изменување и дополнување во Статутот на Друштвото.

**Член 2**
Во Статутот на Друштвото, се врши промена во член 13 став 1 на начин што став 1 се дополнува и се запишува текстот кој гласи:
*„Основната главнина и акциите гласат на денари, кои како противвредност се изразени и во ЕУР, според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на проценката на друштвото, односно на денот на донесувањето на одлуката за издавање на акции.“*

**Член 3**
Во Статутот на Друштвото, се врши промена во член 23 став 3 на начин што истиот во иднина ќе гласи:
*„Собранието може да одлучува за исклучување на правото на првенство при запишување новоиздадени акции само врз основа на извештај, во писмена форма, на органот на управување во којшто се наведуваат причините за ограничувањето или за исклучување и во којшто мора да се образложи цената на издавањето на акциите. Одлуката од став 2 на овој член се донесува со мнозинство од гласови кое не може да изнесува под три четвртини од претставените акции на собранието со право на глас.“*

**Член 4**
Во Статутот на Друштвото, се врши промена во член 22 став 2 на начин што истиот во иднина ќе гласи:

*„По намалувањето на номиналниот износ и бројот на акциите, односно по повлекувањето на сопствените и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина и по уписот и по објавувањето на уписот на намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, акциите се поништуваат.“*

**Член 5**
Во Статутот на Друштвото, се брише членот 24.

**Член 6**
Во Статутот на Друштвото, се брише членот 25.

**Член 7**
Во Статутот на Друштвото, согласно претходно наведените измени и дополнувања, досегашниот член 26, станува член 24 и последователно кај сите членови настанува истата промена.

**Член 8**
Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 31 кој со претходно наведената промена стана член 29 на начин што став 3 се дополнува и истиот во иднина ќе гласи:
*„Друштвото не може на одредени акционери да им ја одложи уплатата ниту да ги ослободи од уплатата, ниту може на име на уплата да прими нешто друго од она што е предвидено со овој статут. Непаричниот влог што се состои од побарување се смета за внесен дури откако друштвото ќе го наплати односно преземе. Друштвото му одговара на акционерот ако за наплатувањето не се грижи со внимание на уреден и совесен трговец.“*

**Член 9**
Во Статутот на Друштвото, се додава нов член 31 кој гласи:

*„Акционерот мора да ги плати акциите на повик на органот на управување на друштвото според условите под коишто ги запишал. Повикот се врши со лично известување на акционерите, освен ако со статутот поинаку не е определено.*

*Акционерот кој во согласност со ставот (1) од овој член навреме не ја изврши уплатата, нема право на глас се додека не ја плати сета заостаната уплата, вклучувајќи и законска затезна камата. Ако акционерот е во задоцнување со внесувањето на непаричниот влог, тој е должен да плати договорна казна под условите определени со договорот за преземање на непаричниот влог во согласност со статутот.*

*На акционерот, на кој иако му е даден дополнителен рок, нема да ги плати запишаните акции во рокот и според условите под кои ги запишал, му се одземаат акциите и се исклучува од друштвото. За исклучувањето од друштвото, акционерот се известува во писмена форма, со препорачано писмо или со писмо доставено лично на рака.*

*Акциите на исклучениот акционер друштвото ги продава преку берза или на друг организиран пазар. Акциите можат да се продадат и претворат во пари и на друг начин само со согласност на исклучениот акционер.“*

**Член 10**

Во Статутот на Друштвото, се додава нов член 32 кој гласи:

*„Ако друштвото ги продаде акциите што ги одзело од исклучениот акционер:*
*1) под нивниот номинален износ, а средствата не се доволни да се намират неплатениот дел од влогот, како и трошоците и законската затезна камата, исклучениот акционер е должен на друштвото да му ја доплати разликата;*
*2) според нивниот номинален износ, по намирувањето на трошоците и законската затезна камата друштвото му го враќа претходно платениот износ намален за трошоците и затезната законска камата и*
*3) над нивниот номинален износ, по намирувањето на трошоците и законската затезна камата, друштвото му го враќа претходно платениот износ намален за трошоците и законската затезна камата, до номиналниот износ на акцијата, а разликата ја задржува друштвото.*

*Исклучениот акционер има обврска да плати и договорна казна, ако е утврдена во јавниот повик, за ненавремено внесување на непаричен влог. Со исплатите од ставот (1) на овој член не се исклучува и одговорноста на исклучениот акционер за причинетата штета на друштвото поради пропуштањето на уплатата.“*

**Член 11**

Во Статутот на Друштвото, во член 34 став 2 се дополнува и се додава точка 5 која гласи:

- *вработен или овластен ревизор во друштвото.*

**Член 12**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во член 37 став 2 на начин што став 2 се дополнува и се запишува текстот кој гласи:

*„Ако годишното собрание не го свикаат неизвршните членови на одборот на директори или ако од било кои причини не се одржи во рокот определен во член 36 став 1 од овој статут, одлука за свикување на годишното собрание може да донесе судот по предлог на кој било акционер.“*

**Член 13**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во член 39 став 3 на начин што истиот во иднина ќе гласи:

*„Рокот којшто тече од денот на објавување на јавниот повик за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде подолг од триесет дена ниту покус од дваесет и еден ден до денот на одржување на собранието.“*

**Член 14**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во член 41 став 4 и 5 на начин што истите во иднина ќе гласат:

*„Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.*

*Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до одборот на директори односно до свикувачот на собраниетоназначен од судот да свика собрание, во согласност со законот, и тоа во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.“*

**Член 15**

Во Статутот на Друштвото, се брише членот 43.

**Член 16**

Во Статутот на Друштвото, согласно претходно наведените измени и дополнувања, досегашниот член 44, станува член 43 и последователно кај сите членови настанува истата промена.

**Член 17**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 45 кој со претходно наведената промена стана член 44 на начин што став 1 се дополнува и се запишува текстот кој гласи:

*„Во верификационот список на присутните акционери се назначува името и презимето односно фирмата, адресата и седиштето на акционерот, односно неговиот застапник на акциите и бројот на гласовите кои по основ на акциите му припаѓаат на секој акционер.*

**Член 18**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 48 став 1 кој со претходно наведената промена стана член 47 на начин што став 1 во иднина ќе гласи:

*„На презакажаното собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното собрание не може да се одлучува за прашањата за коишто, согласно законот за трговските друштва се одлучува со поголемо мнозинство од кворумот од став 1 на член 46 од овој Статут.“*

**Член 19**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 63 став 1 кој со претходно наведената промена стана член 62 на начин што став 1 во иднина ќе гласи:

*„Членовите на одборот на директори ги избира собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието со законот и овој статут.“*

**Член 20**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 65 кој со претходно наведената промена стана член 64 на начин што истиот во иднина ќе гласи:

*„Неизвршен член на одборот на директори во исто време, не може да биде избран во повеќе од пет одбори на директори како неизвршен член, како ни во повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија.*

*Извршен член на одборот на директори не може да биде избран за извршен член во други акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија, освен во банки, во друштва за осигурување и во други друштва ако тоа е определено со закон.“*

**Член 21**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 68 став 1 кој со претходно наведената промена стана член 67 на начин што воведната реченица во став 1 во иднина ќе гласи:

*„Членовите на одборот на директори како и членовите на нивните семејства (сопружници, родители и деца) без одобрение на одборот на директори не смеат:“*

**Член 22**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 69 став 2 кој со претходно наведената промена стана член 68 на начин став 2 во иднина ќе гласи:

*„Ако Одборот на директори има повеќе од еден извршен член, членовите на Одборот на директори со мнозинство гласови определуваат кој извршен член ќе го застапува и преставува друштвото и кој е посебно одговорен за прашањата на вработените и односите со нив.“*

**Член 23**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 73 кој со претходно наведената промена стана член 72 и истиот во идннa ќе гласи:

*„Секој договор во кој друштвото е странка и во кој извршен или неизвршен член на одборот на директори има интерес, дури и на посреден начин, може да биде склучен ако добие одобрување најмалку од мнозинството членови на одборот на директори кои немаат интерес односно од страна на собранието на акционери со мнозинство гласови на присутните акционери кои немаат интерес.*

*Ако член на одборот на директори или заинтересираниот член дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од став 1 на овој член, за тоа го известува одборот на директори. Заинтересираниот член има*

*право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето за давање на одобрението од став 1 на овој член.*
*Врз основа на одбивањето на одборот на директори да даде одобрение или врз основа нерегуларноста на одлуката со која се дава одобрение неможат да се истакнуваат барања против трети лица, освен ако друштвото докаже дека третото лице знаело за непостоењето на одобрението или за нерегулираноста на одлуката или земајќи ги предвид сите околности, не можело а да не знае за тоа.“*

**Член 24**

Во Статутот на Друштвото, се врши дополнување и измена во досегашниот член 78 став 2 кој со претходно наведената промена стана член 77 на начин што став 2 во иднина ќе гласи:
*„Во овластувањето на работите од став 1 на овој член, генералниот директор ги има следните овластувања:*

*а) ја предлага деловната политика и го води работењето на друштвото;*
*б) го организира и раководи со процесот на трудот;*
*в) ја предлага програмата за работа и планот на друштвото на одборот на директори и презема мерки за нивно спроведување;*
*г) ги извршува заклучоците и одлуките на собранието и одборот на директори;*
*д) ја предлага внатрешната организација на друштвото;*
*ѓ) ги именува и разрешува: помошниците на ген. директор, директорите на секторите и раководителите на одделенија без оглед дали истите се вработени или имаат статус на раководни лица и/или работници со посебни овластувања и одговорности и одлучува за нивната одговорност;*
*е) утврдува потреба и врши избор на работници по распишаниот оглас, односно конкурс;*
*ж) го утврдува работниот придонес на работниците;*
*з) одлучува за распоредување на работниците во зависност од потребите на работа;*
*и) одлучува по барањата на работниците за користење годишен одмор, платено и неплатено отсуство;*
*ј) одлучува за службени патувања во странство на работниците вработени во друштвото;*
*к) донесува поединачни одлуки, наредби, правилита/правилници и акти чие што донесување не е во надлежност на собранието, односно одборот на директори;*
*л) одлучува за ангажирање на надворешни соработници и други надворешни извршители во зависност од потребата на друштвото;*
*љ) дава упатства и налози на работниците во врска со работата;*
*м) го организира пописот на основните средства;*
*н) задолжен е и одговорен за средствата на друштвото;*
*њ) одлучува за задолжување со кредит, заем, залог, гаранција, за купување и отуѓување на основни средства и на имотот на друштвото чија што вредност е помала од 50% од планираниот месечен вкупен приход;*
*о) формира органи и работни тела како негови постојани или привремени тела за извршување на повремени или постојани работи од својот делокруг на работа, со што се определува нивниот состав, надлежност и делокруг на работа;*
*п) изрекува мерки и одлуки во случај на кршење на работен ред и дисциплина или работни обврски, одлучува за престанок на работен однос и по други прашања во врска со работниот однос на работниците согласно законот, колективниот договор, правилата и другите акти на друштвото, и*
*р) врши и други работи утврдени со закон, овој статут, колективен договор и други акти на друштвото како и менаџерскиот договор кој во име на друштвото ги потпишува претседателот на одборот на директорите.“*

**Член 25**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 83 кој со претходно наведената промена стана член 82 на начин се менува став 3 кој во иднина ќе гласи:
*„Како работи утврдени со овој статут, согласно став 1 од овој член, одборот на директори ги врши следниве работи:*
*1) донесува планови и програми за работа;*
*2) подготвува предлози за собранието и ги извршува неговите налози;*
*3) за задолжување со кредит, заем, залог, гаранција, за купување и отуѓување на основни средства и на имотот на друштвото чија што вредност е поголема од 50% од планираниот месечен вкупен приход;*
*4) донесува општи и поединачни акти чие донесување не е во надлежност на собранието, односно генералниот директор на друштвото;*

*5) одлучува како второстепен орган по приговорите и другите барања на работниците по основ на работа, доколку со закон или колективниот договор не е поинаку определено, која надлежност одборот на диртектори ја доверува на посебна постојана комисија за одлучување од втор степен за одлучување од работни односи, чиј состав состав, именување и замена на членови, ќе биде уреден со посебна одлука;*

*6) одлучува за ставање хипотека на друштвото;*

*7) донесува одлуки за службено патување во странство на генералниот директор на друштвото;*

*8) формира органи и работни тела како негови постојани или привремени тела за извршување на повремени или постојани работи од својот делокруг на работа со што се определува нивниот состав, надлежност и делокруг на работа;*

*9) донесува одлуки од различна проблематика во рамките на дејноста на друштвото, која не е ставена во надлежност на други органи;*

*10) се грижи за уредна и навремена изработка на периодични извештаи и годишна сметка на друштвото, и*

*11) врши други работи утврдени со закон, овој статут и други акти на друштвото.“*

**Член 26**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 95 кој со претходно наведената промена стана член 94 на начин што став 4 и став 6 се менуваат и во иднна истите ќе гласат:

*„Ако собранието отповикува повеќе од еден член на одборот на директори, се пристапува кон гласање за отповикување на сите членови на Одборот на директорите. Се смета дека членовите на одборот на директори, се отповикани ако за отповикувањето акционерите се изјасниле со мнозинство гласови од претставените акции на собранието со право на глас.*

*Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраните, односно на отовиканите членови од овој член ја поднесува лицето овластено со одлуката за избор, односно отповикување.“*

**Член 27**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 98 кој со претходно наведената промена стана член 97 на начин што став 1 се менува и во иднина истиот ќе гласи:

*„Генералниот директор е овластен од името на друштвото, да склучува договори и да врши други правни дејствија, како и да го застапува друштвото пред судовите и другите органи. Доколку Одборот на директори има повеќе извршни членови, другите извршни членови го застапуваат друштвото во обемот и на начинот утврден со овој статут.“*

**Член 28**

Во Статутот на Друштвото, член 103 се брише.

**Член 29**

Во Статутот на Друштвото, согласно претходно наведените измени и дополнувања, досегашниот член 104, станува член 102 и последователно кај сите членови настанува истата промена.

**Член 30**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 108 кој со претходно наведената промена стана член 106 на начин што се менува и се запишува текстот кој гласи:

*„Колективниот договор на друштвото го склучуваат Извршниот член на Одборот на директори на друштвото и претставник на синдикатот на друштвото.*

*Правилата на ВАБТЕК МЗТ АД-Скопје ги донесува извршниот член на одборот на директори на друштвото.“*

**Член 31**

Во Статутот на Друштвото, член 110 се брише.

**Член 32**

Во Статутот на Друштвото, согласно претходно наведените измени и дополнувања, досегашниот член 111, станува член 108 и последователно кај сите членови настанува истата промена.

**Член 33**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 114 кој со претходно наведената промена стана член 111 на начин што став 1 се менува и истиот во иднина ќе гласи:

*„За голема зделка се смета зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка, односно зделки се однесуваат на стекнување или на отуѓување, или можно отуѓување, директно или индиректно на имот на друштвото чијашто вредност изнесува над 20% од книговодствената вредност на имот на друштвото определена врз основа на последните финансиски извештаи на друштвото, со исклучок на зделки извршени остварени во текот на редовното работење на друштвото, зделки поврзани со стекнување на обврзници.“*

**Член 34**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 115 кој со претходно наведената промена стана член 112 на начин што став 1 се дополнува и истиот во иднина ќе гласи:

*„Секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 20% од 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, мора да биде одобрена од страна на сите членови на одборот на директори.“*

**Член 35**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 118 кој со претходно наведената промена стана член 115 на начин што став 1 се менува и истиот во иднина ќе гласи:

*„Лицата наведени во членот 113 од овој статут се должни да го известат одборот на директори:*

*1) за друштвата во кои тие сами или заедно со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од акции со право на глас;*

*2) за друштвата во чиишто органи имаат управувачки функции и*

*3) на нив познати тековни или можни зделки, во кои се заинтересирана страна.“*

**Член 36**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 119 кој со претходно наведената промена стана член 116 на начин што став 2 се менува и истиот во иднина ќе гласи:

*„Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на одборот на директори кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови на одборот на директори се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на одборот на директори кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на одборот на директори определен во овој статут, таквата зделка ја одобрува собранието.“*

**Член 38**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 123 кој со претходно наведената промена стана член 120 на начин што став 1 се менува и истиот во иднина ќе гласи:

*„Друштвото има задолжителна општа резерва како општ резервен фонд кој се формира по пат на зафаќање од нето добивката. За оваа разлика се пресметува и се издвојува 5% од добивката, се додека резервите на друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на една десетина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.“*

**Член 39**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 125 кој со претходно наведената промена стана член 122 на начин што став 4 се менува и истиот во иднина ќе гласи:

*„Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај за извршена ревизија, според меѓународните ревизорски стандарди објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.“*

**Член 40**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 127 кој со претходно наведената промена стана член 124 на начин што став 2 и 3 се дополнуваат и истите во иднина ќе гласат:

*„Во одлуката за употреба на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:*

*1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има);*

*2) износот кој треба да им се даде на акционерите во вид на дивиденда;*

*3) износите кои треба да се внесат во законските и статутарните резерви на друштвото;*

*4) евентуалниот пренос на добивката во наредната година, и*

*5) дополнителните издатоци врз основа на одлуката.*

*Со одлуката од став 1 на овој член не можат да се вршат измени во остварената добивка утврдена со годишните сметки на друштвото.“*

**Член 41**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 128 кој со претходно наведената промена стана член 125 и истиот се менува и во иднина истиот ќе гласи:

*„По одобрувањето на годишните сметки и утврдувањето на постоењето на добивка за распределба, собранието на друштвото го определува делот кој им се доделува на акционерите во форма на дивиденда. Начинот на плаќање на дивидендата ги утврдува собранието на друштвото.*

*Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеци по завршувањето на деловната година.*

*Ако е потребно заради безбедноста на друштвото или за што порамномерна дивиденда, пред да се определи висината на дивидендата, собранието на друштвото може да заклучи да се образува посебна резерва.“*

**Член 42**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 136 кој со претходно наведената промена стана член 133 на начин што став 3 и 5 се менуваат и дополнуваат и истите во иднина ќе гласат:

*„Друштвото може, преку поделба, истовремено да го пренесе сиот имот и обврските на две или повеќе новоосновани друштва (раздвојување со основање) или на две или повеќе постојни друштва (раздвојување со преземање) при што друштвото што се дели престанува без спроведување на ликвидација. Друштвото може, преку поделба, дел од својот имот и од обврските да ги пренесе на едно или на повеќе новосоздадени друштва (издвојување со основање) или на едно или на повеќе постојни друштва (издвојување со преземање) при што друштвото нема да престане.“*

*„Одлука за присоединување, спојување или поделба донесува собранието според условите и начинот, предвидени со закон и овој статут.“*

**Член 43**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 137 кој со претходно наведената промена стана член 134 на начин што став 1 и 3 се дополнуваат и истите во иднина ќе гласат:

*„Најдоцна еден месец пред одлучувањето на собранието за прифаќање на спогодбата, односно на планот за поделба, одборот на директори, согласно законот објавува во Службен весник на Република Северна Македонија и најмалку во еден дневен весник известување за склучената спогодба, односно донесениот план за поделба.“*

*„Во рокот од ставот 1 на овој член спогодбата, односно планот за поделба се доставуваат до трговскиот регистар за да се изврши предбележба. По извршената предбележба во Службен весник на Република Северна Македонија се објавува дека е извршена предбележба во трговскиот регистар и дека спогодбата, односно планот за поделба се дозволени за увид.“*

**Член 44**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 144 кој со претходно наведената промена стана член 141 на начин што по точка 12 се додава нова точка 13 и истата ќе гласи:

*„13) целокупната документација поврзана со одобрување на зделката со заинтересирана страна и“*

**Член 45**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 145 кој со претходно наведената промена стана член 142 на начин што став 1 се менува и истиот во иднина ќе гласи:

*„На секој акционер мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи на друштвото од член 141 на овој статут на начин определен со овој статут.“*

**Член 46**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 147 кој со претходно наведената промена стана член 144 на начин што став 1 и став 2 се дополнуваат и истите во иднина ќе гласат:

*„Како деловна тајна се сметаат исправите и податоците од работењето на друштвото кои се определени со акт на извршниот член на одборот на директорите.*

*Со акт на извршниот член на одборот на директори може да се определат сите исправи и податоци што се однесуваат на работењето на друштвото да се сметаат како деловна тајна и начинот на обележувањето и чувањето на исправите и податоците кои се утврдат како деловна тајна.“*

**Член 47**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 150 кој со претходно наведената промена стана член 147 на начин што став 1 се дополнува и истиот во иднина ќе гласи:

*„Должноста за чување на деловната тајна трае по престанувањето на работниот однос на работникот во друштвото, престанокот на мандатот на членот на одборот на директори односно од престанокот на друштвото.“*

**Член 48**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 154 кој со претходно наведената промена стана член 151 на начин што се дополнува и истиот во иднина ќе гласи:

*„Друштвото престанува со:*

*- одлука на собранието на друштвото која е донесена со со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието при донесувањето на одлуката.*

*- присоединување, со спојување или со поделба на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање и*
*- стечај.“*

**Член 49**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 158 кој со претходно наведената промена стана член 155 на начин што став 1 се дополнува и истиот во иднина ќе гласи:
*„Други прашања што се од значење на друштвото, а не се уредени со овој статут, можат да се уредат, во согласност со законот и овој статут со други акти на друштвото донесени од страна на извршниот член на одборот на директори, како што се правилник, деловник, правила, одлука, освен колективен договор и други.“*

**Член 50**

Во Статутот на Друштвото, се врши промена во досегашниот член 160 кој со претходно наведената промена стана член 157 на начин што став 2 се менува и се запишува текстот кој гласи:
*„Со денот на влегување во сила на овој статут престанува да важи статутот на ВАБТЕК МЗТ АД - Скопје бр.05-1210 од 04 Март 2013 година.“*

**Член 51**

Во Статутот на Друштвото, досегашниот член 161 се брише.

**Член 52**

Во Статутот на Друштвото, согласно претходно наведените измени и дополнувања, досегашниот член 162, станува член 158.

**Член 53**

Со оглед на промената на уставното име на државата, со оваа Одлука се врши изменување и дополнување, односно во одредбите од Статутот каде е наведено името Република Македонија, помеѓу зборот Република и Македонија се додава зборот Северна.
По изменувањето и дополнувањето во одредбите на Статутот се наведува името Република Северна Македонија.

**Член 54**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Број ___ – ____ 2019
20.05.2019 година
С к о п ј е

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetcko III)

___________________________